**ПРОГРАМА**

за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2025 година



Подготвува: Одделение за  јавни дејности
Разгледува:   Комисија за јавни дејности
Донесува:  Совет на општина Берово

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 16 став 1 точка 7, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19 и 47/21), Советот на Општина Берово на 53-та седница одржана на 28.11.2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Берово во областа на социјална заштита во 2025 година**

**ВОВЕД**

Со оваа програма поблиску се утврдуваат подрачјата на социјалната заштита, потребите на населението, начинот и средствата за остварување на социјалната заштита, подобрување и развој на услугите и мерките од социјална заштита, согласно потребите на граѓаните и обезбедените средства во Буџетот на општина Берово.

Со програмата за социјална заштита општина Берово се стреми кон намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост прку јакнење на капацитетите на лицата од ранливи категории и ниивната правилна инклузија во секојдневието на опшштината.

Социјалната заштита што ќе се равива на локално ниво, на граѓаните ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во можност самостојно да ја остварат својата социјална сигурност.

Општина Берово обезбедува вршење на дејноста на социјалната заштита во рамките на правата и должностите, како и во рамки на надлежностите на општините согласно позитивните законски прописи.

Од страна на Градоначалникот на Општина Берово е формиран Општински совет за социјална заштита, во кој членуваат 15 претставници од повеќе институции и здруженија на граѓани.

Во Програмата за социјална заштита на општина Берово, влегуваат активностите на општина Берово, ОЈУДГ „23 Август “ Берово, активностите на ОЈУСЗСЛ „д-р Иван Влашки“ Берово и одредени трансфери и активности со кои Општина Берово ќе дава помош и поддршка во остварувањето на социјална заштита, со средства од општинскиот Буџет и од донатори.

Двете установи кои работат на територијата на Општина Берово во обласната на социјалната заштита, ги реализираат своите активности преку средства приберени по

пат на самофинансирање, што значи прибирање на средства од корисниците на услугите, со средства од Буџетот на Општина Берово и преку блок дотација од Министерството за труд и социјална политика демографија и млади, како и разни други дотациски средства, кои се реализираат по поднесена апликација, од страна на општина Берово.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата за социјална заштита на општина Берово е да предложи форми на социјална грижа и да одреди приоритети во решавањето на истите во рамките на своите надлежности за добробитта на своите граѓани, земајќи ги во предвид различните потреби и интереси на жените и мажите, девојчињата и момчињата.

Оваа програма има за цел унапредување на животниот стандард на населението од социјален ризик во општина Берово.

При спроведувањето на мерките за социјална политика на општина Берово, услугите се инструменти кои треба да се развиваат, унапредуваат и да се воведуваат нови услуги, во сите области на активност. Затоа, во следниот период опшштина Берово ќе работи на понатамошен развој и унапредување на социјалните услуги, особено за најранливите социјални групи.

## ВРЕДНОСТ И ПРИНЦИПИ НА ПРОГРАМАТА

Системот на социјална заштита, се заснова на начелото социјална праведност и солидарност, давање посебна заштита на немоќните и социјално ранливи категории, посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа и особено на децата со попреченост .

Вредности и принципи врз кои се темели Програмата за социјална заштита на општина Берово се:

- Најдобри интереси на корисниците
- Социјална праведност и солидарност
- Достапност на услугите на корисниците
- Заштита на немоќните

- Грижа и заштита на семејството во било каков облик и децата без родителска грижа
- Родова сензитивност

**АКТИВНОСТИ**

Програмата дефинира повеќе приоритети од областа на социјалната заштита:

- Детска заштита – вклучување на сите деца во ОЈУДГ„23 Август” , унапредување на воспитно згрижувачката дејност и други активности
- Парична помош за новороденчиња
- Парична помош за лица со попреченост
- Хуманитарни акции наменети за граѓаните во социјален ризик
- Подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните
- Вклучување на маргинализирани групи и помош на социјално ранливи групи на граѓани
- Грижа за старите лица
- Вклучување во партнерски проекти со повисоки нивоа на власт и граѓански организации

| Приоритетни области на делување во областа на СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | | Период на реализација | Корисници | Извори на средства | |
| | | | | ЕЛС | Други извори |
| **1. Доделување на еднократни финансиски средства** | | | | | |
| 1.1. | Еднократна финансиска и друга помош на лицата со загрозена социјална положба и лица со потешки заболувања | Континуирано во текот на целата година | • лица со ниски прамања;<br>• приматели на социјална помош;<br>• лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати;<br>• лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи и<br>• лица неспособни за работа | 300.000,00 денари | |
| 1.2. | Парични средства за првородено дете во 2025 година, запишано со адреса на живеење во Општина Берово | | • Првото дете кое што ќе се роди на територијата на општина Берово | 15.000,00 денари | |
| 1.3. | Еднократна парична помош за новородено дете<br>- по 7.000 денари | Континуирано во текот на целата година | • Новородени деца чии родители се жители на Општина Берово | 500.000,00 денари | |
| **2. Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост** | | | | | |
| 2.1. | Остварување на право за додаток за домување | Континуирано во текот на годината, по поднесено барање | • Материјално и стамбено необезбедени лица | 30.000,00 денари | |
| 2.2. | Новогодишни подароци за децата со попреченост и деца без родители и родителска грижа во Мал групен дом | Декември | • Децата од мал групен дом и дневен центар за лица со попреченост | 30. 000,00 денари | |
| 2.3 | Еднократна парична помош на семејства со лица со попреченост на возраст до 26 години<br>- 10.000 денари | Континуирано во текот на годината, по поднесено барање | Лица со телесна или ментална попреченост:<br>• Наод и мислење за функционална проценка;<br>• Наод и мислење за оцена на видот и степенот на попреченоста и посебните потреби на лица со пречки во развојот;<br>• Наод и мислење за видот и степенот на поореченост во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби; | 350.000,00 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.4. | Инклузија на деца роми за посета на предучилишна установа | Континуирано во текот на цела година | • Ромски семејства со ниски примања | 400.000,00 денари | |
| 2.5. | Поддршка на проектни активности на Здруженија на граѓани за хуманитарни акции | По потреба | • Социјално загрозени лица<br>• Лица во загрозена состојба поради болест, болнички третман или хируршки зафат<br>• Лица неспособни за работа | 30.000,00 денари | |
| 2.6. | Поддршка на социјалната услуга за сместување во згрижувачко семејство (по 10.000 денари на едно згрижувачко семејство) | Во текот на годината | • Згрижувачко семејство кое згрижило лица кои немаат услови за живот во своето семејство или од други причини им е потребно сместување во згрижувачко семејство | 30.000,00 денари | |
| **3. Социјална заштита на стари лица** | | | | | |
| 3.1. | Поддршка на Стари изнемоштени лица во домашни услови од Берово и од руралните средини со средства обезбедени преку апликација на јавен повик од страна на МТСП, а ќе бидат реализирани преку Дом за стари лица „д-р Иван Влашки" како давател на услуги | • Во текот на годината | • Стари лица над 65 години на кои им е потребна помош за реализирање на секојдневните активности | / | Средствата се исплаќаат од МТСП , по реализиран час Давање социјална услуга, од страна на негователите |
| | | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | **1.685.000,00 денари** | |

Трансферите до физичките лица ќе ги реализира Градоначалникот на општина Берово согласно оваа Програма, по барање на лицата, поткрепено со соодветна документација ( Барање или Правилници и критериуми за доделување на субвенциите).

**Општинска јавна установа, детска градинка „23 Август" Берово**

Детската градинка „23 Август" е единствената установа за предучилишно згрижување на деца на териоторијата на Општина Берово, со клонови во с. Русиново, с. Митрашинци и с. Будинарци.

Во с. Двориште функционира Центар за ран детски развој.

Професионалноста, одговорноста, организираноста, ефикасноста, максималната посветеност и ангажирање, користењето на искуството, следејќи ги потребите на

модерното живеење, придонесуваат за преголемата заинтересираност на родителите да ги запишуваат своите деца во градинка.

**Општинската јавна установа за социјална заштита на стари лица д-р Иван Влашки**

Општина Берово со помош и соработка со Холандско-Македонската хуманитарна организација и Министерство за труд и социјална политика, ја отвори Општинската Установа Дом за стари лица, кој се наоѓа на влезот во Берово. Општина Берово, како основач на јавната установа, ќе го поддржува тековно работење на оваа установа. На почетокот на 2019 година, оваа општинска јавна установа, го прошири својот капацитет, од постоечките 15 на 29 легла, за корисниците. Во 2020 година, извршена е реконструкција на третата ламела. Со средства од Швајцарската агенција за развој и соработка и Министерството за локална самоуправа, извршено е внатрешно уредување третата ламела, која обезбеди дополнителни 10 места за корисниците. Денес, вкупниот капацитет на Домот за стари лица во Берово е 39 корисници. Годините station наназад, домот за стари лица, работи цело време со пополнет капацитет и константно на листата на чекање за сместување, има голем број корисници. Во текот на 2023 година, реконструиран е уште еден објек во кругот на установата и прилагоден е за помошни простории, односно изградена е сопствена кујна и административни простории.

Во моментот во тек е проширување на капацитетот на Домот за стари лица, со уште една ламела (четврта ламела), при што ќе се зголеми бројот на корисници на услугите во домот за нови 28 легла. За првата фаза средствата се обезбедени преку МТСП и дел од општина Берово, додека за втората фаза, преку Центарот за развој на источно плански регион ( Министерство за локална самоуправа, Швајцарска агенција за развој и соработка) и Општина Берово со сопствено учество.

Законот за социјална заштита, предвидува децентрализација во сферата на социјалната заштита, преку повици објавени од страна на Министерството за труд и социјална политика (согласно член 140 и член 145 од Законот за Социјална заштита, Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.05.2019 година), по кој повик, во тек е имплементација на проект „Возврати со љубов, грижа и почит", преку кој вкупно 20 даватели на услуги се грижат за околу 60 крајни корисници од општина Берово.

**Други форми на активности**

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на општина Берово се:

-обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага Општината;

-организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на Општината со потенцијални донатори на проекти, од областа на социјалната заштита.

-организирање на хуманитарни акции и хуманитарни форми на културно забавен живот

-одбележување на значајни датуми

Овие форми на активности, ќе се реализираат, согласно можностите на општина Берово, во соработка со Меѓуопштински центар за социјална работа и МТСП

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Средствата потребни за реализирање на активностите од ова програма, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Берово за 2025 година, преку поддршка од Министерството за труд и социјална политика, заинтересирани партнери, за меѓусебна соработка во земјата и на меѓународно ниво, грантови од организации, здруженија, амбасади и други извори на финансирање, а учеството на партнерите, ќе биде определувано, при изготвување на конкретната мерка.

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е предвидено со Буџетот на Општина Берово за 2025 година. За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2025 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Берово.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на Општина Берово, го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Општина Берово, преку вработените службеници во Одделението за јавни дејности, ќе ја спроведува и ќе го следи спроведувањето на оваа програма, ќе покренува иницијатива и ќе дава мислења и предлози во врска со остварувањето на предвидените активности и зацртаните цели.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Берово".

Број 09-3941/1
28.11.2024 год.
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
с.р. Петар Ружински